# О Д Л У К А

за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка
ограничена за распределба на акционерите

Скопје, мај 2025

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 470/31.05.2024, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје на седницата одржана на 30.05.2025 донесе

**О Д Л У К А**
за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка
ограничена за распределба на акционерите

**Член 1**

Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје ја одобрува прераспределбата на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите во вкупен износ од 615.000.000,00 денари.

**Член 2**

Наведениот износ од член 1 од оваа Одлука не е расположлив во иднина за исплата на дивиденда на акционерите (ограничена за распределба на акционерите) и како таков, согласно релевантната важечка регулатива на Народната банка на Република Северна Македонија, има третман на основен капитал на Стопанска банка АД - Скопје.

**Член 3**

Наведениот износ од член 1 од оваа Одлука ја вклучува распределената акумулирана добивка согласно Одлуките за распределба на добивката на Стопанска банка АД – Скопје во вкупен износ од 615.000.000,00 денари.

**Член 4**

Образложението е интегрален дел од оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука ќе стапи на сила со денот на донесувањето.

С.О. бр.
30.05.2025
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач,

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со приложената Одлука се предлага дел од останатиот износ од акумулираната добивка од 2022 година или добивката во износ од 615.000.000,00 денари да се прераспредели во акумулирана добивка која нема да биде расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ограничена за распределба на акционерите) согласно одредбите на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватност на капиталот (Службен весник на РМ бр. 47/12… 27/25).

Горенаведеното е со цел да обезбеди коефициентот на адекватност на капитал да биде усогласен со пропишаните лимити од НБРНМ и да биде поддршка на Деловниот план на Банката во следниот период. Дополнително, ова ќе го зајакне основниот капитал на Банката преку прераспределба на акумулираната добивка во акумулирана добивка која нема да биде расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ограничена за распределба на акционерите) и ќе служи за поддршка на деловните и развојните цели на Банката.

Согласно горе наведеното, се предлага Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје да ја донесе Одлуката за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, како што е предложено.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

мај, 2025 година